РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	13.01.2025		
Орг.Д	Број	Прилог	Вредност
19	55/1		

(Образец ПП……)

До: Општина Новаци
Новаци, РС Македонија
Ирена Поповска Талевска - службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: infojavenkarakter@opstinanovaci.gov.mk
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ме информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира.

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација.

1. Бараме да ни ги доставите сите службени гласници на Општина Новаци за 2024 год. и по можност да ги прикачете на веб страницата на општината.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

[redacted] **11.01.2025 година.** _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/8
24.01. 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 13.01.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил Барање за информација од јавен карактер на 13.01.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 13.01.2025 година под архивски број 19-55/1 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 24.01.2025 година, под бр.19-55/8.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
БР. 19-55/9
24.01 2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. Бараме да ни ги доставите сите службени гласници на Општина Новаци за 2024 година и по можност да ги прикачите на веб страницата на општината.
   - *Ве информираме дека сите службени гласници на Општина Новаци се прикачени на веб страната на општината и ви доставувам следниот линк каде може да ги најдете истите.*
   - *https://opstinanovaci.gov.mk/document-category/sluzben-glasnik/*

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

Национален Младински Совет на Македонија
Këshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 03-851/1
25.12 2024 год.-vit
Скопје - Shkup

ДО: Општина Новаци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	27.12.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредно
	19/1111/99		

БАРАЊЕ

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Национален младински совет на Македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078350531, info@nms.org.mk
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Мариана Ангелова, ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078322401, mariana.angelova@nms.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво

I ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

1.1 Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.

1.2 Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

1.3 Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

II ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

2.1 Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади?

2.2 Дали е усвоена стратегијата за млади? Доколку да, споделете ја стратегијата во прилог.

2.3 Дали се направени акциски планови за неа? Доколку да, споделете го акцискиот план.

2.4 Доколку не е усвоена, дали и кога се планира да започне процесот?

III КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

3.1 Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог.

IV МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

4.1 Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

4.2 Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар.

4.3 Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, неведете ја организацијата?

V СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

5.1 Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.

5.2 Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил – info@nms.org.mk**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 25.12.2024 година

Потпис

Република Северна Македонија
Општина Новаци
БР. 19-55/2
20.01 20 25 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Национален младински совет на Македонија (НМСМ)- Скопје , поднесено на 25.12.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Национален младински совет на Македонија (НМСМ), по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Национален младински совет на Македонија (НМСМ) имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил Барање за информација од јавен карактер на 25.12.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 27.12.2024 година под архивски број 19-111/49 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштит правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 20.01.2025 година, под бр.19-55/2.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55
20. 01 2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

- Ве информираме дека во Општина Новаци сеуште нема формирано Локален младински совет на општиината. Во тек е постапка за негово формирање.

2. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

- Во Општина Новаци се спроведени консултации за Локална стратегија и истата е усвоена на 28. 12. 2023 година. Во прилог Ви го доставуваме линкот

https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf

Составен дел на стратегијата е и акциониот план за неа.

3. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

- Во општина Новаци неформално функционира канцеларија за млади.

4. МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

- Во општина Новаци во тек е постапка за формирање младински центар.

5. СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

- Во општина Новаци не е назначен службеник за млади со одлука. Обврските во врска со формирањето на младинскиот совет и други прашања што се однесуваат на младите ги презема вработен административен службеник во општинската аминистрација.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

Национален Младински Совет на Македонија
Këshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 03-85/2
25.12.2024 година
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ

Примено:	27.12.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	111/30		

До: Општина Новаци

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Национален младински совет на Македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078350531, info@nms.org.mk
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Мариана Ангелова, ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078322401, mariana.angelova@nms.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2024 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2024 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2024 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2025 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) **електронски запис**
д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) **е-маил – info@nms.org.mk**
д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 25.12.2024 година

Потпис

Република Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/6
20.01.2025 год.

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. ФИНАНСИРАЊЕ на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики

- Општината има поддржано форми на младинско организирањеод ставката 463 (трансфер до НВО)

- Општина Новаци има реализирано финансиски средства за млади во износ од 93.000,00 ден.за 2024 година.

-Во Општина Новаци во текот на 2024 година немаше формирано младински центар и локален младински совет. Во тек е постапка за нивно формирање.

-Општината има планирани финансиски средства во буџетот за 2025 година за млади, за нивни активности во износ од 100.000,00 ден.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Република Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/5
20.01.2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Национален младински совет Македонија (НМСМ)- Скопје , поднесено на 25.12.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Национален младински совет на Македонија (НМСМ), по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Национален младински совет на Македонија (НМСМ) имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил Барање за информација од јавен карактер на 25.12.2024 година заведено во архивата на Општина Новаци на 27.12.2024 година под архивски број 19-111/50 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 20.01.2025 година, под бр.19-55/5.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија Општина Новаци

(Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	24.01.2025		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност
19	55/11		

До: _____
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Центар за Климатски Промени – Гевгелија
Адреса: бул. 8-ми Септември бр.4/3-10 Скопје
Телефон: 02 52 08 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Бојана Станојевска Пецуровска
Телефон: 02 52 08 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
Мобилен телефон: +389 78 344 905

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Информација за изградена канализациска мрежа заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри
- Информација за изградена водоводна мрежа заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри
- Информација за изградена атмосферска канализација заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри
- Информација за покриеност со канализациска мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти
- Информација за покриеност со водоводна мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти
- Информација за покриеност со атмосферска мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во 21.01.2025 година .

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/14
11.02. 20 25 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Центар за Климатски Промени- Гевгелија, поднесено на 24.01.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Центар за Климатски Промени- Гевгелија по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Центар за Климатски Промени- Гевгелија имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 24.01.2025 година заведено во архивата на Општина Новаци на 24.01.2025 година под архивски број 19-55/11 , во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 11.02.2025 година, под бр.19-55/14.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
БР. 19-55/15
11. 02 2025 год.
Новаци

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Информација за изградена канализациска мрежа заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри

- Во Општина Новаци канализациона мрежа има изградено во населеното место с. Новаци во должина од околу 10 км, а во тек е изградба на канализациона мрежа во с. Добромири во должина од 2700 метри и Индустриска зона во с.Новаци во должина од 850 метри.

2. Информација за изградена водоводна мрежа заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри

- Во сите населени места во Општина Новаци има изградена водоводна мрежа заклучно со 2024 година и покриеноста е 95% на ниво на општина.

3. Информација за изградена атмосферска канализација заклучно со 2024 година поделена по населени места изразена во километри

- Изградба на атмосферска канализација во општина Новаци заклучно со 2024 година по населени места

Новаци----------7км
Добромири---------4 км
Горно Агларци-----3 км
Долно Агларци-----3 км
Далбеговци--------3 км
Рибарци----------1 км
Гермијан----------1 км
Бач----------1 км
Живојно----------1 км

4. Информација за покриеност со канализациска мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти

- Покриеноста со канализациска мрежа заклучно со 2024 година е 95% во с.Новаци и 30% во с.Добромири.

5. Информација за покриеност со водоводна мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти

- Покриеноста со водоводна мрежа заклучно со 2024 година изразена во проценти е 95%.

6. Информација за покриеност со атмосферска мрежа заклучно со 2024 година по населени места изразена во проценти

- *Покриеноста со атмосферска мрежа заклучно со 2024 година изразена во проценти е 60%.*

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	29.01.2025		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност
19	55/12		

(Образец ПП……)

Општина Новаци

До: _____

(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _____Рената Гошевска, 071 937 371 renibt@hotmail.com_____

_____

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_____Информација за текот на реализација на депонијата во општина Новаци. _____

_____

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во _____, _____202_ година . _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/17
12.02 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Рената Гошевска, поднесено на 28.01.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Рената Гошевска по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Рената Гошевска имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 28.01.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 29.01.2025 година под архивски број 19-55/12 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 12.02.2025 година, под бр.19-55/17.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/18
12.02.2025 год.
Новаци

-ИНФОРМАЦИЈА-

Информација за текот на реализација на депонијата во општина Новаци

Ви благодариме на вашето поставено прашање од она што ние знаеме како ЕЛС ќе се обидеме да ви го одговориме вашето прашање.

Бидејќи станува збор на проект чија целосна надлежност и ингеренции се на МЖСПП најдобор е за детални информации да се обратите до нив.

Она што можеме да го кажиме е дека главниот услов кој како Општина Новаци го побараврме е изградба на нова сообраќајна делница која ќе води до регионалниот центар за управување со отпад.

Затоа кога би почнала изградбата и која е точната локација немаме информации.

Бидејќи овој проект ќе го опфати Југозападниот и Пелагонискиот регион кој вклучува 18 општини, договорено беше да се формриа заеднико регионално комунално претпријатие чие седиште треба да биде во Новаци. Затоа секоја општина треба да донесе одлука на Совет за негово формирање. Општина Новаци ја донесе таа одлука.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

(Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	06.02.2025		
Орг. ед	Број	Прилог	Вредност
19	55/13		

До: Општина Новаци
(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Сојуз за младинска работа; со адреса на ул. „Широк Дол“ 3а/9, 2000 Штип; телефонски број 078 378 031; е-маил адреса: smr.sojuz@gmail.com
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Драгана Митровиќ, Генерален секретар
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?
Доколку е формиран, бараме да се достават следните документи и информации:

- **Одлука за формирање на младинскиот центар;**
- **Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;**
- **Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);**
- **Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;**
- **Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната, 2025 година.** (Околу 300.000)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(○) електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(○) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Штип_, 06.02.2025 година. _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/21
24.02. 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Сојуз за младинска работа - Штип , поднесено на 06.02.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Сојуз за младинска работа - Штип по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со формирањето на младински центар во Општина Новаци , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Сојуз за младинска работа - Штип до имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме информацијата во врска со формирањето на младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 06.02.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 06.02.2025 година под архивски број 19-55/13 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 24.02.2025 година, под бр.19-55/21.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/22
24.02.2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?

- Во Општина Новаци според Законот за младинско учество и младински политики сеуште не е формиран младински центар, меѓутоа во тек е постапка за негово формирање и предвидено е истиот да се формира до крајот на 2025 година.

Од буџетот на Општина Новаци за претходните години (2023 и 2024 година) не се издвоени средства затоашто не беше формиран младински центар, додека за 2025 година се издвоени 300.000, 00 денари.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

(Образец ПП.....)
До Општина Новаци
(имател на информацијата)



БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката, и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обуката.

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:
   - Ве замолуваме за линкови до е-услугите на Вашата општина.

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
   - Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
   - Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој.

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуга со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.
   - Доколку не е предвидено воведување на нови дигитални услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија

г) електронски запис

д) друго----------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта

б) телефон

в) факс

г) е-маил (liljana.jonoski@gmail.com) Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.

д) друго----------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Назив: Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево, телефон: 078/303-735; е-пошта: rkoalicija@gmail.com

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Кичево, Северна Македонија Датум 17.02.2025 година

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/24
08.03 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Рурална коалиција-Кичево , поднесено на 18.02.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Рурална коалиција-Кичево , по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Рурална коалиција-Кичево во врска со дигитализацијата на услугите што ги испорачува општината, имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил Барање за информација од јавен карактер на 17.02.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 18.02.2025 година под архивски број 19-55/20, која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 08.03.2025 година, под бр.19-55/24.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/25
08.03.2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. Во 2024 година вработените во Општина Новаци не учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини.
2. Општина Новаци редовно и навреме ги испорачува бараните услуги од страна на физички и правни лица, меѓутоа не водиме регистар за испорачаните услуги.
3. Општина Новаци не испорачува е-услуги за физички и правни лица.
4. За 2025 година Општина Новаци предвидува наплата на данок на имот по електонски пат, како дел од дигитализацијата на услуги.
5. Во 2024 година во Општина Новаци не е спроведено анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени. Мислењата и предлозите од страна се собираат со директни контакти со граѓаните со Градоначалникот, на организирани состаноци во месните организации на граѓаните со Градоначалникот и општинската администрација и преку web страната на Општина Новаци.
6. Како нова услуга што ја предвидува Општина Новаци е електонската наплата на данок на имот во Општина Новаци.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Ма...
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeve... lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС Скопје - BNJVL Shkup

Примено: E pranuar: 18.03.2025			
Орг.Един. Njësia Org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojcë:	Вредно... Vlerë:
03	213		

Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат
Сектор за правни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	25.03.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредно
19	55/27		

Дата: 07 · 03 · 2025

Архивски број: 55 - 2071/2

До: Министерството за образование и наука

Предмет: Известување и проследување на надлежност на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

На ден 24.2.2025 до Генералниот секретаријат на Владата, Институтот за истражување и анализа на политики-РОМАЛИТИКО, достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со повеќе прашања од различни области, во врска со Националниот Акциски План за 2023-2025 за Партнерство за отворена власт и Стратегијата за инклузија на Роми 2023-2030.

Имајќи го предвид наведеното, согласно членот 18 ставот (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ви го доставуваме на надлежност за следните прашања:

▪ Министерството за образование и наука, прашањата со ред. броеви: од 3 до 8, 13, 14, од 17 до 20, 22 до 27, 34, 35, 65, 73, односно:

3. Број на ученици Роми запишани во основно образование (распределени по пол) за 2024/2025.

4. Број на ученици Роми кои завршиле основно образование (распределени по пол) за 2022/2023 и 2023/2024 година.

5. Број на ученици Роми запишани во средно образование (распределени по пол) за 2024/2025.

6. Број на ученици Роми кои завршиле средно образование (распределени по пол и општини) за 2022/2023 и 2023/2024 година.

7. Број на студенти Роми запишани во високо образование (распределени по пол) за 2024/2025 година.

8. Број на студенти Роми кои завршиле високо образование (распределени по пол, универзитет и факултет) за 2022/2023 и 2023/2024 година во приватните и државни универзитети.

13. Број на вработени Роми наставници во основите училишта во РСМ (разделено по пол, училиште и предметна настава).

14. Број на вработени Роми наставници во средните училишта во РСМ (разделено по пол, училиште и предметна настава).

17. Број на ангажирани педагошки помошници во основно образование на децата Роми за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025.

18. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во основно образование за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025.

19. Ве молам доставете статус на следната активност на Владата-ревидирање на учебниците по изборниот предмет јазик и култура на Ромите (3 до 9 одделение)?

20. Број на ученици Роми кои ја искористиле можноста и мерката од 10% при упис во средно образование за учебната 2023/2024 и 2024/2025.

22. Број на доделени стипендии за ученици Роми од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2023/2024 и 2024/2025.

23. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во средно образование (разделени по пол, општина).

24. Каква е искористеноста на квотата за Роми при упис на факултетите, колку Роми ја искористиле квотата за 2023/2024 и за 2024/2025 (разделено по факултети).

25. Колку Роми добиле стипендија за високо образование за 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по универзитети и факултети).

26. Дали е изготвена програма за комплетирање на основно и/или средно образование за возрасни Роми во 2024?

27. Број на возрасни Роми кои го комплетирале своето основно и средно образование во 2024 година и од кој фонд(буџетски средства или средства од проект и во рамки на кој проект).

34. Број на запишани студенти Роми на факултет за уметности во 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по пол).

35. Дали е обезбедена квота за студенти Роми на Факултетите за драмска уметност, музичка култура, ликовна уметност, филмска уметност.

65. Каква е улогата на образовните институции во превенцијата на кривични дела од омраза кон Ромите.

73. Број на деца Роми со посебни потреби во државата заклучно со февруари 2025 година.

▪ Министерството за социјална политика, демографија и млади, прашањата со ред. броеви: 1, 2, 9,10, 11, 12,15, 51, 71, 74 и 75, односно:

1. Број на деца Роми запишани во претшколско образование (распределени по пол) за 2024/2025 година.

2. Број на деца Роми кои завршиле во претшколско образование (распределени по пол) за 2023/2024 и 2022/2023 година.

9. Каков е процентот на опфат на деца Роми во предучилишно образование за 2022, 2023, 2024 и 2025.

10. Број на Роми медијатори во предучилишно образование и стручни лица Роми вработени во градинките (разделено по пол и градинки и работна позиција) во 2024.

11. Број на родители на деца Роми приматели на ГМП и минимална плата во 2024.

12. Број на отворени центри за ран детски развој во ромски населби во 2024.

15. Колку работилници биле организирани со родителите Роми во 2024 со цел подигање на свеста на родителите Роми за потребата од ран детски развој.

51. Дали е донесен Закон за социјално домување, доколку не кога се планира истиот да биде донесен?

71. Број на Роми-жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година. Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита.

74. Дали и кои мерки ги презема државата за економско зајакнување на жените Ромки.

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми(разделено по сектори/институции).

- Министерството за култура и туризам, прашањата со ред. броеви: од 28 до 33 и прашањето 36, односно:

28. Дали е основан Ромски Културен Центар во рамки на националниот буџет со обезбеден простор од државниот имот. Доколку е истиот основан, ве молам доставете информации за неговото работење.

29. Дали е формирана културна асоцијација на уметници, артисти, музичари Роми.

30. Дали постои дата база на податоци на талентирани млади Роми (историчари, уметници, етнолози, лингвисти), доколку да, ве молам да доставите повеќе информации.

31. Број на поддржани индивидуални уметници и организации за развој во рамки на националниот буџет за култура во 2024.

32. Број на поддржани културни проекти за Роми во 2024 од националниот буџет за култура.

33. Број на вклучени Роми во работните комисии во сектор за фолклор и сектор за книга при Министерство за култура.

36. Дали е планирано доделување на награда или признание за несебичен придонес кон негувањето на јазикот и културата на ромската заедница во рамки на националниот буџет за култура.

- Министерството за внатрешни работи, прашањата со ред. броеви: 57, 66, 67, 68, 69, 70, 71 и 72, односно:

57. Број на Роми без државјанство кои поднеле барања за добивање на државјанство и се здобиле со истото во 2024.

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

70. Какви обуки или програми се организирани за полицајците во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите.

71. Број на Роми-жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година. Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита.

72. Број на Роми -жртви на трговија со луѓе (разделени по пол) се евидентирани за 2024 година и колку од нив биле сместени во шелтер центар. Дали има шелтер центар достапен за жените и нивните деца и дали е достапен на ромски јазик.

- Министерството за транспорт и Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, прашањата со ред. бр. 49, 50, 52 и 55, односно:

49. Број на легализирани објекти каде живеат Роми во 2024.

50. Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е во тек (податок за 2024).

52. На кој начин се обезбедува правна и финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик.

55. Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично) во места населени претежно со ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски).

▪ Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа-ЗЕЛС, прашањето со ред. бр. 48, односно:

48. Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план. Кои се плановите на општините во насока за урбанизирање на ромските населби.

▪ Министерството за правда, прашањата со ред. број 64, 66, 67, 68,69, односно:

64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари-2024 -февруари 2025 за вклучување на концептот на дискриминација на Роми (концепт антициганизам).

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

▪ Министерството за финансии, за прашањето со ред.бр.75, односно

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми(разделено по сектори/институции).

▪ Министерството за здравство, прашањата со ред. бр. од 41 – 47, односно:

41. Која е стапката на морталитет кај ромската заедница во 2023, 2024 и 2025 година.

42. Наведете ја стапката на смртност помеѓу доенчињата Роми и националниот просек за 2023, 2024, 2025.

43. Кој е процентот на опфатеност на жени Роми со гинеколошки услуги (разделено по општини) за 2024.

44. Како жените Ромки ја користат Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Р.С Македонија, ве молиме обезбедете извештај за 2024.

45. Дали постои советувалиште за унапредување на репродуктивното и сексуално здравје на жените Ромки во социјален ризик и доставете извештај за неговото работење за 2024 година.

46. Број на здравствени медијатори Роми во Р. С Македонија за 2024 година (разделени по општини) и извештај за нивната работа за 2024 година.

47. Ве молиме известете дали е усогласен начинот на обезбедување на здравствено осигурување за лицата кои немаат комплетна лична документација.

▪ Министерството за јавна администрација, прашањата со ред. бр. 58 и 63, односно:

58. Број на вработени Роми во државната администтарција (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025.

63. Број на обучени лица во јавната администрација за дискриминација по етничка основа-роми, заклучно со февруари 2025.

▪ Македонска-радио Телевизија, прашањето со ред. бр. 37, односно:

37. Како финансиски се поддржува развојот на ромската редакција на националната телевизија.

▪ МОН -Биро за развој на образованието, прашањата со ред. бр. 38 и 39, односно:

38. Дали Бирото за развој на образованието подготви концепт за историја на ромската заедница и идентитет кој беше планирано да биде презентиран на наставни активности во 5-7 одделение.

39. Дали наставните програми во соодветните предмети за 5-7 одделение имаат воведено содржина за ромскиот идентитет, историја и култура.

▪ Државниот просветен инспекторат, прашањето со ред. бр. 21, односно:

21. Број на извршени инспекциски контроли во средните училишта за бројот на ученици Роми на почеток, средина и завршеток на учебната година 2023/2024.

▪ Централниот регистар на РСМ и Управата за јавни приходи, прашањето со ред.бр. 61, односно:

61. Број на регистрирани бизниси раководени од Роми, распределени по пол, заклучно со февруари 2025.

▪ Јавното обвинителство на РСМ, прашањето со ред.бр. 67, односно:

67. Како надлежните институции ги следат и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

▪ АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Репубиката – Скопје, прашањето со ред.бр. 53, 54, односно:

53. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во корисничката категорија-лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Роми на РСМ.

54. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории согласно Одлуката.

- Агенцијата за вработување на РСМ, прашањата со ред.броеви: 58, 59, 60 и 62, односно:

58. Број на вработени Роми во државна администрација (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025.

59. Број на вработени Роми во РСМ заклучно со февруари 2025 (разделено пол, приватен и јавен сектор).

60. Број на невработени Роми во РСМ заклучно со февруари 2025 (разделено по пол).

62. Учество на Ромите во активните мерки за вработување, за периодот јануари 2024-февруари 2025.

- Министерство за правда - Управата за водење на матичните книги, прашањето со ред.бр.56, односно:

56. Број на неевидентирани Роми во редовна матична евиденција заклучно со февруари 2025.

- Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците, прашањето со ред.бр.40, односно:

40. Дали Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците објавува Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ.

- Институтот за јавно здравје, прашањето со ред.бр.16, односно:

16. Колкав е процентот на заболени деца Роми во основното образование во 2024 година.

- Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ, за прашањето со ред.бр.70, односно:

70. Какви обуки или програми се организирани за судиите во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите.

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за прашањата со ред. бр: 64, 66, 67, 68 и 69;

64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари-2024 -февруари 2025 за вклучување на концептот на дискриминација на Роми (концепт антициганизам).

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

- Кабинет на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Роми 2022-2030, за прашањата со ред. бр.76 и 77, односно:

76. Ве молиме да не известите за соработката на Кабинетот со донаторите во Р.С Македонија, кои заеднички проекти ќе се спроведуваат во следниот период со донаторски средства (Генералниот секретаријат го смета како барање за податоци, а не како информација од јавен карактер, поради не совпаѓање со член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер).

77. Кои се идните планови на кабинетот за преземање на афирмативни мерки за усогласување на политиките на Владата со Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со цел унапредување на состојбата на Ромите во Северна Македонија на национално и локално ниво (Генералниот секретаријат го смета како барање за податоци, а не како информација од јавен карактер, поради не совпаѓање со член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер).

Со почит,

Генерален секретар на Влада
на Република Северна Македонија
Игор Јанушев

Прилог:копија од барање наш број 55-2071/1.

Доставено и до:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади
- Министерство за култура и туризам
- Министерството за внатрешни работи

Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/28
17.04.2025 год.
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

До
ЗЕЛС
Ул.Копенхагенска бр.15
1000 Скопје

Предмет: Достава на податоци

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за достава на податоци за прашањата под реден број 48, 49, 50, 52 и 55 , а во врска со проследеното барање од Влада за слободен пристап до информации од јавен карактер, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани податоци:

48. Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план. Кои се плановите на општините во насока за урбанизирање на ромските населби.

- Во општина Новаци нема ромски населби .

49. Број на легализирани објекти каде живеат Роми во 2024.

-Во општина Новаци нема објекти во кои живее население од ромска националност.

50. Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е тек (податок за 2024).

- Со оглед на фактот што во општина Новаци нема објекти каде живеат Роми, нема нелегализирани објекти.

52. На кој начин се обезбедува правна и финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик.

- Согласно одговорот на претходните прашања, нема потреба од обезбедување на правна финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик.

55. Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично) во места населени претежно со ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски).

- Во општина Новаци има реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично), но нема населени места со ромско население до 2024 година.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевне Стевановски

Изработил:Ирена Поповска Талевска

Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-150/1
28.05 2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	29.05.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/29		

До: Општина Новаци

БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

- сина канта од 120 литри
- жолта канта од 120 литри
- син контејнер од 1100 литри
- жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго----------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго----------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

Потпис:

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации СКОПЈЕ

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, поднесено на 29.05.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-55/33
18.06 2025 год.
Новаци

РЕШЕНИЕ

Барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, Ви ја доставуваме бараната информација.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 28.05.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 29.05.2025 година под архивски број 19-55/29 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 18.06.2025 година, под бр.19-55/33.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	18.06.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/34		

ИНФОРМАЦИИ

Во прилог Ви доставуваме одговор во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-150/1 од 28.05.2025 година, доставено до Вас од страна на Здружението за граѓански комуникации – ЦГК Скопје:

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена“ – Новаци од Министерството за животна средина и просторно планирање има примено 40 сини канти со капацитет од 120 литри и 35 жолти канти со капацитет од 120 литри, наменети за примарна селекција на отпад од пакување.

Исто така, Ве известуваме дека ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци нема склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување, и во моментот нема функционален систем за селекција и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот.

Доколку имате потреба од дополнителни информации, Ви стоиме на располагање за одговор.

Со почит,

Изработил:

Талевски Влатко

ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" • Новаци •

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	02.06.2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/30		

До:
Ристе Момоковски
Општина Новаци
7211 Новаци

Барање

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Новаци, потребни ни се следните информации:

1. Годишен извештај за работењето на општината за 2024 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Извештај од внатрешна ревизија (интерна) за последната 2024 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

3. Отчет за 2024 година
   Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

7. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2024 година?

8. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) електронски запис
д) друго----------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) е-маил **ceaorgmk@gmail.com**
д) друго----------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
Центар за економски анализи
Бул. Јане Сандански 63/3
1000 Скопје
Тел: 02 24 44 766
Email: ceaorgmk@gmail.com

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: Скопје Датум: 30.05.2025

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/36
20.06 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Центар за економски анализи - Скопје , поднесено на 19.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Центар за економски анализи- Скопје по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информации за животната средина , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Центар за економски анализи- Скопје до имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информација.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 30.05.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 02.06.2025 година под архивски број 19-55/30 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 20.06.2025 година, под бр.19-55/36.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/37
20.06.2025 год.

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1.Годишен извештај за работењето на општината за 2024 година.

- *Ви го доставувам Годишниот извештај на Општина Новаци во електронска форм и линк од Службениот гласник(бр.4 од 2025 година).*

https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2025/02/Sluzben-glasnik-br.4.pdf

2. Извештај од внатрешна ревизија (интерна) за последната 2024 година.

- *Ви го доставувам Извештајот од внатрешната ревизија (интерна) на Општина Новаци во електронска форма-Ревизија на процес на управување со ризици во општина Новаци.*

3. Отчет за 2024 година

- *Отчетот за 2024 година ќе Ви го доставувиме дополнително. Истиот ќе биде објавен на веб страната на општината.*

4. Стратегија за управување со ризици

- *Општината нема Стратегија за управување со ризици, има изработено план (процена) за управување со ризици.*

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

- *Граѓаните присуствуваат на седниците на општинскиот Совет по претходна нивна најава , со најавување на нивното присуство до Претседателот на Советот на општина Новаци.*

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

- *Општината граѓаните ги информира за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат со објавување на веб страната на општината.*

7. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2024 година?

- *Извршната власт нема организирано јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2024 година*

8.Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршна сметка, имало присутни граѓани?

-При изгласување на Завршна сметка на општината за 2024 година, немало присутни граѓани.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	12.06.2025		
Орг. ед.	Број	Прило:	Вредн.
19	55/32		

До Општина Новаци
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е
за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување
3. Акт за систематизација на работните места → сет документи
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности
15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности
16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024 — до 11 Совет

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емајл
б) по пошта

Барател на информацијата:
Здружение на граѓани, Реактор – Истражување во акција, Кире Василев, Бул. Партизански одреди 18/1-11, 1000 Скопје телефон 02 3245-536
kire@reactor.org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Претседател – Тања Иванова
Бул. Партизански одреди 18/1-11, 1000 Скопје телефон 02 3245-536
info@reactor.org.mk

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 09.06.2025 година
Потпис

РЕАКТОР • СКОПЈЕ •

...а Северна Македонија
...тина Новаци
19-55/42
04.07.2025 год.
...ваци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Здружение на граѓани, Реактор-Истражување во акција, поднесено на 12.06.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Здружение на граѓани, Реактор-Истражување во акција по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Здружение на граѓани, Реактор-Истражување во акција, Ви ја доставуваме бараната информација.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 12.06.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 12.06.2025 година под архивски број 19-55/32 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 04.07.2025 година, под бр.19-55/42.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Северна Македонија
Општина Новаци
19-55/43
04.07 2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1.Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година.

-Ви го доставувам деталниот Буџет на Општина Новаци за 2024 година во електронска форма.

2. Име, презиме и контакт на Координаторот за еднакви можности за жените и мажите и датумот на негово назначување

- Координатор за еднакви можности: Ирена Поповска Талевска, тел.078 282 319, e-mail: irena.novacio@gmail.com

Датум на назначување: февруари 2022 година

3. Акт за систематизација на работните места

- Ви ги доставувам Правилникот за систематизација на работни места на општина Новаци и измените на истиот, во електронска форма.

4.Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година

- Ви го доставувам Годишниот извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година, во електронска форма

5.Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година

- Проекти, програми и активности , предлог стратегии нема доставени од Координаторот за еднакви можности до Општина Новаци во 2024 година.

6.Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024

- Нема *иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на Општина Новаци во 2024.*

7.Листа на членови на Комисијата за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти

- Членови на Комисијата за еднакви можности во 2024 година од Совет на Општина Новаци

	Телефон	*e-mail адреса*
-Сузана Јовановски- претседател	076 713 766	suzi_1984@live.com
-Љупчо Петровски- член	071 235 559	ljupco.petrovski@hotmail.com
-Славица Најдовска-Стојковска-член	076 296 461	caletons@yahoo.com
-Пецо Стојчевски-член	070 261 713	pecedojcinovski@icloud.com
-Александар Канзуровски-член.	075 610 277	kanzur_kanzur@hotmail.com

8.Актуелна стратегија за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

- Нема актуелна стратегија за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

9.Годишна програма за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

- Ви ја доставуваме Годишната програма за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година, скенирана во електронска форма

10.Актуелен Акциски план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

-Нема актуелен Акциски план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

11.Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности за 2024 година

- Во текот на 2024 година Комисијата за еднакви можности одржала еден состанок.

12.Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности за 2024 година

- Комисијата за еднакви можности во текот на 2024 година не присуствувала на буџетски седници.

13.Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година

- Комисијата за еднакви можности нема доставено мерки и активности до Советот на Општина Новаци во 2024 година

14.Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл.5,6 од Законот за еднакви можности

- Од буџетот на Општина Новаци за 2024 назначен за основните мерки согласно чл.5,6 од Законот за еднакви можности согласно програмата издвоени се 40.000,00 ден.

15.Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл.7 од Законот за еднакви можности

- Од буџетот на Општина Новаци за 2024 назначен за посебните мерки согласно чл.7 од Законот за еднакви можности не се издвоени средства.

16.Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година

- Општина Новаци нема локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година.

17.Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024 година

- Во Општина Новаци Од вкупно 9 советници во Советот на Општина Новаци, две се жени.Во секоја комисија учествува барем една жена, додека во две комисии учествуваат и двете жени.

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024 година

-Управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024 година, се Управниот одбор на ЈПКД Комунална хигиена –Новаци кој брои 5(пет) члена и сите пет се мажи у Управен одбор на ЈОУДГ Бамби- Новаци кој брои 7(седум) члена и сите се жени.

19.Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

- Општина Новаци нема програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција

- Во Општина Новаци нема воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција,

општината има соработка со Општина Битола за користење на овие центри доколку има потреба.

21.Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 221 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

-За функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 221 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство нема одвоени финансиски средства, меѓутоа доколку се појави ваква жртва Општина Новаци, општината ги сноси трошоците за нејзино згрижување, до наоѓање на соодветно сместување.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

ул. Никола Парапунов бр. 41а • П.Ф. 55 • 1060 Скопје • Република Македонија
Тел. 02/3065 381 • Факс 02/3065298 • Е-пошта: mcms@mcms.mk

До: **Ирена Поповска Талевска, службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
Општина Новаци

Предмет: **Барање за пристап до информации од јавен карактер**

ОПШТИНА НОВАЦИ
Примено: 04.06.2025
Број: 19 55/39
Прилог
Вредност

Почитувани,

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во текот на 2025 г. ќе подготви преглед на приходите на граѓанските организации од државното финансирање за 2024 г.

За таа цел, во прилог на овој допис ви доставуваме Барање за пристап до информации од јавен карактер за поединечно доделените средства преку Општината Новаци до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2024 г.

МЦМС во последните 20 години е една од ретките организации кои го промовираат и следат финансирањето од страна на државата за граѓанските организации во Македонија. МЦМС од 2012 г. редовно ја потенцира клучната важност на поддршката од страна на државата за одржливоста на граѓанските организации во извештаите кои ги подготвува за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество.

Дополнителни информации може да добиете од Александра Савевска на телефон 070/414-669, или на е-маил: asv@mcms.mk.

Прилог: *Барање за пристап до информации од јавен карактер*

ФИв/АСв
03-127/52-2025
Скопје, 03.06.2025 г.

Александар Кржаловски
директор

Македонски центар за меѓународна соработка • МЦМС

МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

ул. Никола Парапунов бр. 41а • П.Ф. 55 • 1060 Скопје • Република Македонија
Тел. 02/3065 381 • Факс 02/3065298 • Е-пошта: mcms@mcms.mk

До: **Ирена Поповска Талевска, службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
Општина Новаци

ПРИЛОГ 1. БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Од: Македонски центар за меѓународна соработка, ул. Никола Парапунов 41А, 1000 Скопје; телефон: 076 365 381; е-адреса: mcms@mcms.mk

Законски застапник на барателот на информацијата: Александар Кржаловски, директор, ул. Никола Парапунов 41А, 1000 Скопје; телефон: 076 365 381;е-адреса: akr@mcms.mk; mcms@mcms.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), од Новаци, ја барам следната информација од јавен карактер:

Податоци за:

1. **Поединечно доделени средства преку Општината Новаци до крајните корисници од буџетска ставка 463 -Трансфери до невладини организации, во 2024 г. (Табела 1).**
2. **Поединечно доделени средства преку Општината Новаци до крајните корисници- невладини организации од друга буџетска ставка (различна од 463-Трансфери до невладини организации), во 2024 г. (по примерот на Табела 1).**

Форма во која ја бараме информацијата:

а) увид,
б) препис,
в) фотокопија,
г) електронски запис во вид на Табела бр. 1 (во word или excel документ), дадена подолу,
д) друго _____

Табела 1. Преглед на поединечно доделени средства преку Општината Новаци до крајните корисници од буџетска ставка 463— Трансфери до невладини организации, во 2024 г.

Буџетска ставка – 463 Трансфери до невладини организации за 2024				
Потставка	Прима тел	Назив на предлог-проект	Износ	Јавен оглас/без јавен оглас
110	Прима тел 1			
	Прима тел 2			
	……			
120	Прима тел 1			
	Прима тел 2			
	……			
130	Прима тел 1			
	Прима тел 2			

	.....			
140	Примател 1			
	Примател 2			
	.....			
150	Примател 1			
	Примател 2			
	.....			
160	Примател 1			
	Примател 2			
	.....			
170	Примател 1			
	Примател 2			
	.....			
190	Примател 1			
	Примател 2			
	.....			
ВКУПНО				

Ве молиме информацијата да ни ја доставете на:

1. **На е-маил**: asv@mcms.mk.

Дополнителни информации може да добиете од Александра Савевска на телефон 070/414-669, или на е-маил: asv@mcms.mk.

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/39
20.06 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Македонски центар за меѓународна соработка- Скопје , поднесено на 04.06.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Македонски центар за меѓународна соработка- Скопје по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информации за животната средина , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Македонски центар за меѓународна соработка- Скопје, до имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информација.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 03.06.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 04.06.2025 година под архивски број 19-55/31 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 20.06.2025 година, под бр.19-55/39.

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци

Бр. 19-551/10
20.08 2025 год.

-ИНФОРМАЦИЈА-

Ви ги доставувам податоците за поединечно доделени средства преку Општина Новаци до крајните корисници во 2024 година од буџетската ставка 463- Трансфери до невладини организации. Од друга буџетска ставка (различна од 463- Трансфери до невладини организации) нема доделени средства од Општина Новаци до други корисници.

Буџетска ставка – 463 Трансфери до невладини организации за 2024				
Поставка	Прима тел	Назив на предлог-проект	Износ	Јавен оглас/без јавен оглас
110	Пецак ПМ 2001		150.000.00	
110	Здружение на Македонците од егејскиот дел на Македонија		10.000.00	
110	ФК Новаци		6.652.166.00	
110	Здружение на жени Силата на бабата		25.000.00	
110	Здружение битолски спортски коњички клуб Букефал		30.000.00	
110	З.Г. Зур Македонски ракотворби		50.000.00	
110	Здружение за вмрежување на жени, едуцирање и истражување		10.000.00	
110	Здружение фудбалски клуб Новаци 2011		140.000.00	
110	Облак Сфера		10.000.00	
110	Здружение на воени инвалиди и ветерани Братство Доо		20.000.00	

110	Здружение на граѓани ,,22 Нентори		6.000.00	
110	Здружение на граѓани Биљаник Талалеј		60.000.00	
110	Младинска граѓанска Акција		30.744.00	

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

ДО ОПШТИНА НОВАЦИ ,
СОВЕТ НА ОПШТИНА
НОВАЦИ,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	17. 07. 2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/45		

Б А Р А Њ Е

Барањето е поднесено од Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО ПЕЛАГОНИЈА со седиште во Битола.

Почитувани, Врз основа на законот за Слободен Пристап до информации од јавен карактер, односно член 4 од истиот закон, во писмена форма Ви се обраќаме се со цел да ни ги обезбедите или доставите во печатена форма или ПДФ формат:

- сите материјали изготвени од одделот за животна средина на општината, кои биле доставувани на разгледување до советот на општината во периодот од 2017 - 2025 година, а се однесуваат на проектот „Формирање на регионална депонија “ во општина Новаци.
- Сите известувања , одлуки и други документи од Министерство за екологија и Министерство за животна средина и од други институции , пристигнати во општина Новаци , а се однесуаат и се поврзани со формирањето на Регионалната Депонија .

Ве молиме да излезете во пресрет на ова Барање. Во спротивно, ќе бидиме принудени по судски пат да пристапите кон реализација на Барањето, а воедно и продолжуваме со организирање на народот на ОТПОР !!!

Координатор,

Вкочанковска

(Весна Кочанковска)

адреси: ул.„Козара“ бр.22 а Битола
vkocankovska@yahoo.com.mk

дата : 17.07.2025година
Битола

Република Северна Македонија
Општина Новаци
БР 19-55/52
06.08 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА со седиште во Битола, поднесено на 17.07.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА, по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА, во врска со проектот "Формирање на регионална депонија" во општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 17.07.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 17.07.2025 година под архивски број 19-55/45 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 01.08.2025 година, под бр.19-55/52.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевне Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/53
06.08.2025 год.
Новаци

-ИНФОРМАЦИЈА-

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер бр.19-55/45 од 17.07.2025, со барање за достава на:

-сите материјали изготвени од одделот за животна средина на општината, кои биле доставувани на разгледување до Советот на општината во периодот од 2017-2025 година, а се однесуваат на проектот "Формирање на регионална депонија " во општина Новаци

-сите известувања, одлуки и други документи од Министерство за екологија и Министерство за животна средина и од други институции, пристигнати во Општина Новаци, а се однесуваат и се поврзани со формирањето на Регионалната депонија.

Во прилог Ви ги доставуваме бараните материјали , известувања и одлуки кои се архивирани во општина Новаци, со напомена дека повеќето од нив се со дата од 2022 година до денес. Пред овој период Општина Новаци не располага со материјали во врска со изградбата на Регионална депонија во општина Новаци, затоашто овој проект е во надлежност на Владата на Република Северна македонија и Министерството за животна средина.

-Локален акциски план за управување со отпад на Општина Новаци за 2024-2025 (бр.14-890/8 од 20.12.2023)

-Одлука за формирање на заедничка Комисија за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините.....(бр.14-841/7 од 17.12.2024)

-Решение за именување членови во заедничката комисија.....(бр.14-841/8 од 17.12.2024)

-Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините.....(бр.14-808/11 од 26.12.2024)

-Одлука за именување на лице кое ќе ги води работите до конституирањето на заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад (бр.14-808/12 од 26.11.2024).

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

До Општина Новаци,
Совет на општина Новаци



Б А Р А Њ Е

Барањето е поднесено од Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО ПЕЛАГОНИЈА со седиште во Битола.

Почитувани, Врз основа на законот за Слободен Пристап до информации од јавен карактер, односно член 4 од истиот закон, во писмена форма Ви се обраќаме се со цел да ни ги обезбедите и доставите во печатена форма:

- Записниците од двете седници на советот на Општина Новаци на кои присуствуваа претставници на Координативното тело на протестите Стоп за 18 општинска депонија во Пелагонија (Да се наведат бројот на седниците и датата)
- И да ни изготвите и доставите Одговор на Иницијативата поднесена до Претседателот на Советот на општина Новаци за Распишување на референдум во Новаци

Ве молиме да излезете во пресрет на ова Барање. Во спротивно, ќе бидеме принудени по судски пат да пристапиме кон реализација на Барањето.

Координатор,

(Весна Кочанковска)

адреси: ул.„Козара“ бр.22 а Битола
vkocankovska@yahoo.com.mk

дата : 17.07.2025година
Битола

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/55
06.08 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА со седиште во Битола, поднесено на 17.07 2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА, по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Весна Кочанковска-Координатор на Координативното тело на протестите СТОП ЗА 18 ОПШТИНСКА ДЕПОНИЈА ВО БИТОЛА, во врска со одговорот на Иницијативата поднесена до Претседателот на Советот на Општина Новаци за распишување на референдум во Новаци (во врска со формирање Регионална депонија во општина Новаци), Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 17.07.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 17.07.2025 година под архивски број 19-55/46 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 01.08.2025 година, под бр.19-55/55.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/56
06.08 2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер бр.19-55/46 од 17.07.2025, за достава на:

- Записниците од двете седници на Советот на Општина Новаци на кои присуствуваа претставници на Координативното тело на протестите Стоп за 18 општинска депонија во Пелагонија

- Да се подготви и достави Одговор на Иницијативата поднесена до Претседателот на Советот на Општина Новаци за Распишување на референдум во Новаци

Во прилог Ви ги доставуваме бараните материјали:

-Записник од 68-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 16.05.2025 година (бр.14-454/3 од 16.05.2025 год.)

- Записник од 69-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.05.2025 година (бр.14-496/3 од 30.05.2025 год.)

- Поднесување на предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци бр.14-429/1 од 28.04.2025 г.

-Барање за појаснување на предлог бр.14-429/3 од 30.04.2025 г.

- Поднесување на доуредена предлог граѓанска иницијатива.....бр.14-429/4 од 06.05.2025 год

- Поднесување на предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци бр.14-429/6 од 16.05.2025 год.

-Барање на мислење за начин на постапување до Министерство за локална самоуправа (бр.14-429/7 од 21.05.2025)

- Барање на мислење за начин на постапување до Министерство за животна средина и просторно планирање (бр.14-429/8 од 21.05.2025)

-Мислење од Министерство за локална самоуправа (бр 08-1228/2 од 27.05.2025)

- Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање (бр.11-3006/2 од 27.05.2025)

-Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија (бр.14-496/4 од 30.05 2025)

-Достава на Заклучок за проследување на предмет до Влада на РСМ, донесен од Совет на Општина Новаци (бр.14-429/11 о 05.06.2025)

- Пропратно писмо од Влада на РСМ бр.50-5809/7 од 1.07.2025 година (наш бр.14-429/14 од 31.07.2025 г.)

***Одговор по Иницијативата поднесено до Претседателот на Советот на Општина Новаци** за распишување на референдум во Општина Новаци, Претседателот на Советот сеуште нема изготвено од причини што чекаме насоки/известувања, за понатамошно постапување од Влада на Република Северна Македонија за кое што имаме доставено Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија, донесен на седница на Совет на Општина Новаци бр. 14-496/4 од 30.05.2025.*

Владата на РСМ достави пропратно писмо со истиот Одговор од Министерство за локална самоуправа но не даде конкретни насоки за постапување усогласени со известувањата од ресорните министерства (Министерство за локална самоуправа и Министерство за животна средина и просторно планирање),надлежни за овие прашања, бидејќи и двете не се концизни.

-Повторно Барање до Влада на РСМ бр.14-429/15 од 06.08.2025 година.

По достава на конкретни насоки/известувања за постапување од Владата на РСМ, Претседателот на Совет ќе изготви и достави одговор до подносителот на иницијативата за распишување на Референдум во општина Новаци.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
18.07.2025
Прилог | Вредност
19 55/17

До:
Општина Новаци
с.Новаци
7211

Службено лице, одговорно за информации од јавен карактер:

Ирена Поповска Талевска

Контакт e-mail
irena.novacio@gmail.com
novacio@t.mk

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Здружението Центар за еднаквост и правда
Адреса: ул.Вич 22, 1000 Скопје
Email: **lokalnipolitiki.cep@gmail.com**

Лице за контакт: Татјана Стоименовска – помлада истражувачка за ова барање
Тел.број +389 78 984 031

Почитувани,

Здружението Центар за еднаквост и правда спроведува анализа на мерките и политиките за поддршка на семејствата и грижата за деца на локално ниво. Целта на анализата е да ги увиди постоечките мерки од општините и постоечките капацитети за згрижување на деца и да даде добри примери и препораки како општините можат да ги унапредат локалните политики во однос на поддршка на семејствата и економското вклучување на жените на пазарот на трудот.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи

итн.) за потребите на основните училишта?

10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје 16.07. 2025 година

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/58
06.08.2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Здружение Центар за еднаквост и правда, поднесено на 18.07.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Здружението Центар за еднаквост и правда, по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Здружението Центар за еднаквост и правда во врска со Вашата анализа на мерките и политиките за поддршка на семејствата и грижата на децата на локално ниво со цел унапредување на локалните политики во однос на поддршка на семејствата и економското вклучување на жените на пазарот на трудот, Ви ја доставуваме бараната информација

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 18.07.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 18.07.2025 година под архивски број 19-55/47, која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 05.08.2025 година, под бр.19-55/58.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци

-ИНФОРМАЦИЈА-

БР. 19-55/59
06.08.2025 год.

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер бр.19-55/47 од 18.07.2025, Ви ја даваме следната информација:

1.Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?

- Општина Новаци обезбедува еднократна парична помош за секое новороденче во висина од 6.000, 00 денари.

2 и 3.Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ и трето дете? Доколку да, која е висината на тој однос?

- Да, Општина Новаци обезбедува еднократна парична помош за секое новороденче во висина од 6.000, 00 денари

4.Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?

-Во Општина Новаци има една градинка со мал капацитет од 50 деца, на возраст од 2 до 6 години, поделени во две групи. Едната група за деца на возраст од 2 до 4 години и друга група за деца на возраст од 4 до 6 години.

5.Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?

- Во градинката во Општина Новаци во моментов се згрижени 35 деца и тоа 21 дете во групата од 2-4 години, 14 деца во групата од 4-6 години.

6.Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?

- Месечниот надоместок за згрижување во градинката е 1.490 денари за целодневен престој и 806 денари за полудневен престој.

7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?

- Во моментот во градинката нема родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок.

8.Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинката?

- Хигиенските материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинката ги обезбедува самата градинка.

9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?

- Општината не обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основното училиште, меѓутоа на нивно барање доколку има потреба општината им доставува.

10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?

- Во основното училиште во општината не се задолжителни училишните униформи за учениците и истите не ги обезбедува општината. Трошоците за набавка на училишните униформи ги сносат родителите/старатели на учениците (со одлука на Совет на родители во единственото основно училиште во општината е одлучено да се набават униформи од страна на родителите.)

11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории на семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?

- Општина Новаци предвидува финансиска поддршка за одредени категории на семејства кои се во социјален ризик согласно Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица бр.14-202/4 од 28.02.2023 година и таа е во максимална висина од 20.000,00 денари, според критериумите од Правилникот.

12.Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката?

-Општината не предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите затоашто во државната градинка има доволно место за згрижување на децата од Општина Новаци на возраст од 2 до 6 години.

13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?

- Да , општината предвидува финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост во висина од 20.000,00 денари , набавка на ортопедски помагала за лица на кои им се потребни, надоместок за патни трошоци до соодветни институции.

14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?

- Општината предвидува еднократна парична помош за поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост, предвидена за сите возрасти на децата.

15.Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

- Општината сеуште нема предвидено мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Иоска Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	18.09.2025		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност
19	55/48		

ДО:
Општина Новаци

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Јас, Влатко Талевски, со адреса на живеење ул. Минела Бабуковски бр. 2/2-38 и контакт телефон: 078/365-518, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ“ бр. 101/2019), Ве молам да ми овозможите пристап до следните информации од јавен карактер:

- Податоци за исплатени надоместоци за учество на седници, месечни надоместоци, паушали, патни трошоци или други хонорари на членовите на Советот на Општина Новаци за периодот 01.01.2023 – 30.06.2025.

- Преглед на трошоци поврзани со користење на службени телефони, мобилни броеви или други телекомуникациски услуги што се обврска на буџетот на Општина Новаци, за истите советници и истиот период.

- Информации за евентуални исплати за техничка опрема (како што се компјутери, телефони, таблети и слично), која е доделена или користена од страна на членовите на Советот на Општина Новаци.

Доколку постојат финансиски извештаи, картици или документи кои ги содржат побараните информации, Ве молам да ми ги доставите во хартиена форма.

Ова барање го поднесувам како граѓанин кој има интерес да ја следи транспарентноста и отчетноста на трошењето на јавните средства.

Со почит,

Барател:
Талевски Влатко

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/49
30.07.2025 год.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Влатко Талевски, поднесено на 18.07.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Влатко Талевски, по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Влатко Талевски, во врска со податоци за исплата на надоместоци за учество на седници, трошоци поврзани со користење на телефони и исплати за техничка опрема на членовите на Совет на Општина Новаци, имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 18.07.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 18.07.2025 година под архивски број 19-55/48 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 30.07.2025 година, под бр.19-55/49.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
БР. 19-55/50
30.07.2025 год.
Новаци

-ИНФОРМАЦИЈА-

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер бр.19-55/48 од 18.07.2025, Ви ја даваме следната информација:

-Податоци за исплатени надоместоци за учество на седници, месечни надоместоци, паушали, патни трошоци или други хонорари на членовите на Советот на Општина Новаци за периодот 01.01.2023-30.06.2025

Во прилог Ви доставуваме картици за исплатени надоместоци за членовите на Совет на Општина Новаци за бараниот период (01.01.2023-30.06.2025).

-Преглед на трошоци поврзани со користење на службени телефони, мобилни броеви или други телекомуникациски услуги што се обврска на буџетот на Општина Новаци, за истите советници и истиот период.

Од 9(девет) советници во Советот на Општина Новаци, 8 (осум) советници користат службени мобилни телефони (дадени на реверс) за кој се исплаќа месечен надоместок од 1.157, 00 денари за секој поединечно, (советникот Иванчо Котевски не користи службен мобилен телефон). Секој надминат износ над оваа сума, советниците го сносат сами, при што им се запира од месечниот надоместок (паушал).

-Информации за евентуални исплати за техничка опрема (како што се комјутери, телефони, таблети и слично), која е доделена или користена од страна на членовите на Советот на Општина Новаци.

Во 2024 година набавени се 9 (девет) лап топ комјутери во вкупен износ од 213.282, 00 денари. Истите им се дадени на членовите на Советот на Општина Новаци, при што советниците имаат потпишано Изјава за реверс на истите, со обврска да ги вратат по завршување на нивниот мандат.

Изработил:
Оливера Димитровска
Раководител на одделение за финансиски прашања
Општина Новаци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	12.08 2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/61		

61

До
Општина Новаци
irena.novacio@gmail.com
novacio@t.mk

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Адреса: ул.Коста Кирков бр.5/1-9А
Email: costingnasilstvo@gmail.com
Тел.број 070376324
078365854

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

СОС линија **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

Услуга за советување **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)

7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2026 и 2027 година?

Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *услугата за привремен престој* во 2026 и 2027 година?

Бесплатна правна помош (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за бесплатна правна помош* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *бесплатна правна помош* во 2026 и 2027 година?

Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)

20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Скопје, 14 јули 2025 година. _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Во прилог известување од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/64
02.09 2025 год.
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство- Скопје , поднесено на 12.08.2025 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство- Скопје по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство- Скопје до имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информација.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 12.08.2025 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 12.08.2025 година под архивски број 19-55/61 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 02.09.2025 година, под бр.19-55/64.

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 19-55/65
02.09 2025 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер бр.19-55/61 од 12.08.2025, Ви ја даваме следната информација:

СОС линија

- Општина Новаци нема планирано и доделено средства од општинскиот буџет за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, затоа што Општина Новаци нема С.О.С. линија.

Услуга за советување

-6 и 7. Доделени се 10.000, 00 денари на Здружение за вмрежување на жени, едуцирање и истражување Јас сум жена од Скопје во 2024 година за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство.

-8. Не се направени проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2026 и 2027 година.

Услуга за привремен престој

-10 и 11. Доделени биле 6.960, 00 денари во 2023 година Студенски дом-Битола за услугата привремен престој (за сместување на едно семејство-жртви на семејно насилство).

-12. Не се направени проекции за тоа колку средства би се издвоиле за услугата за привремен престој во 2026 и 2027 година.

Бесплатна правна помош

-14 и 15.-За обезбедување на услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство доделени се 20.000,00 денари во 2023 година на здружението Женски центар за поддршка-Битола.

-16. Не се направени проекции за тоа колку средства би се издвоиле за услугата бесправна правна помош во 2026 и 2027 година.

Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство

-18 и 19.- Доделени биле 20.000,00 ден за финансиска помош на жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2023 година за помош на едно семејство (мајка со две малолетни деца).

-20. Не се направени проекции за тоа колку средства би се издвоиле за финансиска помош на жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2026 и 2027 година.

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

04-17641
05.08.2025

До: Министерство локална самоуправа (имател на информацијата)

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр.101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

примено:	13. 08 2025		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	55/62		

(опис на информацијата која се бара)

1. Податоци за број на вработени во општинската администрација, **разделени по пол**, посебно за секоја единица на локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година.
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС, **разделени по пол**, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година.
3. Просечна бруто-заработувачка од час, по вработен, по пол и по единица на локална самоуправа (ЕЛС) за секој месец од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (листа имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:
Здружение на граѓани, Реактор – Истражување во акција, Кире Василев, Бул. Партизански одреди 18/1-11, 1000 Скопје телефон 02 3245-536
kire@reactor.org.mk

